5.	Габриела Пацаноска	II-1,2 x 3; IV-1,2 x 3, I-8 x 3 (СА), II-10 x 3 (СА) Англиски ј.	18	/	/	24	/
		III-1;IV-1 x 3 Италијански јазик	6				

ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК							
1.	Бети Наумческа	IV-1,2,3,4,5,6,7 x 2 II-7,8,9 x 2	14 6	IV-6	1	21	/
2.	Елена К. Лашкоска	III-1,2,3,4,5,6,7 x 2 I-5,6,7 x 2	14 6	III-2	1	21	/
3.	Марија Митреска	II- 1,2,3,4,5,6 x 2 I-1 x 2 6 часа во ООУ „Рампо Левката"	12 2 6	/	/	20	/
4.	извршител	I- 2,3,4 x 2	6	/	/	6	/
ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК							
1.	извршител	I- една група x 2 (I-1,2,5,6) II-една група x 2 (II -1,2,7) III-една група x 2 (III -2,6) IV-една група x 2 (IV-1,3,4,6)	2 2 2 2	/	/	8	/
ЛАТИНСКИ ЈАЗИК							
1.	Роберт Стојаноски	II- една група x 2 III-1,2,3,4,6,7 x 2 IV-1 x 2 4 часа во СОУ „Орде Чопела"	2 12 2 4	/	/	20	/
ИСТОРИЈА							
1.	Киро Николоски	II-2,3,4,5,6,7,8,9 x 2 IV-2,3 x 2	16 4	IV-3	1	21	/
2.	Николче Богданоски	III-1,2,3,4,5,6,7 x 2 I-5,6,7 x 2	14 6	III-4	1	21	/
3.	извршител	II-1 x 2 I-1,2,3,4 x 2	2 8	/	/	10	/
4.	извршител	I-8 x 2 (СА) II-10 x 2 (СА)	4	/	/	4	од ООУ Блаже Конески

ГЕОГРАФИЈА							
1.	Виолета П. Велкоска	II-1,2,3,4,5,6,7,8,9 x 2	18	II-9	1	23	/
		III-6,7 x 2	4				
2.	Александра Ристевска	I-1,2,3,4,5,6,7 x 2	14	/	/	22	/
		4 ч. (К.Ј. Питу) + 4 ч. (Р.Р.Ричко)	8				
БИОЛОГИЈА							
1.	Петкана Цветкоска	II-1,2,3,4,5,6,7,8,9 x 2	18	II-8	1	21	2 проектни
2.	Софија Крстеска	III-3,4,5,6,7 x 2 и III-8 x 2 (СА)	12	IV-7	1	21	/
		IV-6,7 x 3 и IV-8 x 2 (СА)	8				
3.	Снежана Спиркоска	I-1,2,3,4,5,6,7 x 2	14	/	/	22	/
		III-1,2 x 2	4				
		4 часа во СОУ „Кузман Ј. Питу"	4				
ФИЗИКА							
1.	Марина Попоска	II-1,2,3,6,7,8,9 x 2	14	II-7	1	21	/
		IV-6,7 x 3	6				
2.	Соња Димовска	III- 1,2,3,4,5,6,7 x 2	14	III-7	1	21	/
		I-5,6,7 x 2	6				
3.	Ивана Златеска Кедиоска	I-1,2,3,4 x 2	8	/	/	20	2 проектни
		II-4,5 x 2 и IV-4,5 x 3	10				
ХЕМИЈА							
1.	Ружа Ангелеска	IV-6,7 x 3	6	/	/	20	/
		III-1,2,3,4,5,6,7 x 2	14				
2.	Блаже Димески	I-1,2,3,4,5,6,7 x 2	14	I-6	1	21	/
		II-7,8,9 x 2	6				
3.	Христина Манческа	II-1,2,3,4,5,6 x 2	12	/	/	22	/
		10 часа во ООУ „Добре Јованоски" и ООУ „Кире Гаврилоски-Јане"	10				

СОЦИОЛОГИЈА							
1.	Снежана Тодорческа	II-1,2,3,4,5,6,7,8,9 x 2	18	IV-5	1	21	/
		III-4 x 2	2				
2.	извршител	III-2,3 x 2 и IV-2 x 3	7	/	/	7	/
ИНФОРМАТИКА							
1.	Анета Стојческа	I-1,2,3,4,5,6,7 x 2	14	I-7	1	21	/
		IV-4,5 x 3 Програмски јазици	6				
2.	Анкица С. Јанческа	III-5,6,7 x 2 Програмски јазици	6	III-5	1	21	2 проектни
		I-8 (СА) x 2 II– 4 групи x 2 Инфор. технологија; II-10 (СА) x 2	12				
СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ							
1.	Орде Цветаноски	I-1,2,3,4,5,6,7 x 2	14	I-2	1	21	6 проектни
2.	Тони Атанасоски	II-1,2,3,4,5,6,7,8,9 x 2	18	II-3	1	21	2 проектни
3.	Бранко Дисоски	IV-1,4,5,6,7 x 3	15	IV-1	1	21	5 проектни
4.	Даниел Василески	III-6,7 x 3	6	/	/	20	8 проектна
		IV-2,3 x 3	6				
5.	Дејан Стерјовски	III-1,2,3,4,5 x 3	15	III-1	1	21	5 проектни
ПСИХОЛОГИЈА							
1.	Сузана Кусеска	IV-1,2 x 2	4	/	/	20	2 проектни
		I-8,III-8, IV-8 x 2 Спортска академија	6				
		8 часа во СОУ „ Ѓорче Петров“	8				
ПЕДАГОГИЈА							
1.	Ирена Јованоска	III-1,2 x 2; III-8 x 2 (СА)	6	/	/	6	/
ВОВЕД ВО ПРАВО							
1.	извршител (од СОУ „Кузман Ј. Питу“)	III-2,3,4 x 2	6	/	/	6	/

ФИЛОЗОФИЈА , ЕТИКА И ЛОГИКА							
1.	Рубинчо Матески	IV-1,2,3,4,5 x 3 филозофија	15	II-2	1	21	1 проектна
		IV-2 x 2 (изборен филозофија)	2				
		III-2 (ОХБ) x 2 етика	2				
2.	Јане Ѓорески	IV-6,7 x 3 - филозофија	6	/	/	22	/
		IV-2,3 x 2 - логика	4				
		II (4 групи етика) x 2	8				
		4 часа – логика во СОУ „Кузман Јосифоски Питу“	4				
ЕКОНОМИЈА, МЕНАЏМЕНТ, БИЗНИС И ПРЕТПРИЕМНИШТВО							
1.	Весна Паноска	IV-2,3 x 3 економија	6	III-3	1	21	10 часа кариерен советник
		IV-2,3 x 2 менаџмент	4				
2.	Моника Илиоска	IV-1,2,3,4,5,6,7 x 2; IV8 x 2 (СА) бизнис и претприемништво	16	/	/	20	4 проектни
3.	Ирена Иваноска	/	/	/	/	10	10 часа кариерен советник
МУЗИЧКА УМЕТНОСТ							
1.	Татјана Ивановска	II-1,2,3,4,5,6,7,8,9 x 2	18	/	/	22	4 проектни
2.	Наталија Гарбеска (од СОУ „Орде Чопела“)	I -1,2,3,4,5,6,7 x 1 и III-1 (ЈУБ) x 2 и IV-1 (ЈУБ) x 2	11	/	/	11	/
ЛИКОВНА УМЕТНОСТ							
1.	Гордица Д. Груеска	I-1,2,3,4,5,6,7 x 2; III-1x 2; II-7,9 x 1 IV-1 x 2	20	/	/	20	/
2.	Александар Џинго (од СОУ „Орде Чопела“)	II-1,2,3,4,5,6,8 x 1	7	/	/	7	/

13. УЧИЛИШЕН СИСТЕМ НА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ

Следењето и оценувањата на постигнувањата на учениците во гимназиското образование ќе се остварува според „Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното образование".

Особено внимание ќе се обрне на следните елементи: ниво на усвоеност на содржините по одделни наставни предмети, стекнати вештини за примена на знаењата, развиеност на способноста за размислување (анализа, синтеза, евалуација, самооценување и сл.) и изградување на вредности, ставови и погледи.

Во гимназиското образование, следењето и оценувањето на постигањата на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој наобразованието.

За вреднувањето на трудот на учениците ќе бидат применети сите типови на проверка на знаења со примена на различни инструменти: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови, наставни ливчиња, есеи и слично), усно проверување (дебати, дискусии, усни презентации, презентација на изработени проекти и сл.) и оценување на афинитетите на учениците спрема нивните вештини. Оценувањето се врши бројчано и описно.

13.1 СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА ВО ОЦЕНУВАЊЕТО

- Во училиштето се врши посета, односно следење на часовите од страна на Директорот и стручната служба.
- Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот по паралелки за 3 години наназад.
- При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигнувањата – оценките.
- Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што се обучени.
- При оценувањето на учениците ќе се почитува Правилникот за оценување и Етичкиот кодекс за оценување на учениците.
- Училиштето како институција дава поддршка на наставниците во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи со дадени насоки од стручните соработници и директорот.

14. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставните активности опфаќаат содржини и активности што се реализираат надвор од наставата. Со овие активности на учениците им се дава можност за подигнување на ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за подобар физички и интелектуален развој.

Се организира програма по повод значајни празници и настани кои се реализираат во училиштето и надвор од него низ рекреативни активности и заеднички дружења. Учениците од четврта година може да се определат за класична матурска прослава или да се организира заедничко дружење во државата или надвор од неа.

Матурско дружење или класична матура за учениците од четврта година кое ќе биде дефинирано после изјаснувањето на учениците и родителите. Доколку учениците и родителите се изјаснат за матурско дружење, тоа ќе се реализира по претходно изготвена програма.

Во рамките на воспитно - образовната дејност училиштето организира и остварува воннаставни активности и тоа:

- Екскурзии
- Слободни ученички активности
- Натпревари
- Општествено корисна и хуманитарна работа

14.1 УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

Училишните екскурзии претставуваат облик на воспитно-образовна работа која се остварува преку различни активности надвор од училиштето со посети на природни и туристички места, образовни, културни и спортски установи, техничко технолошки објекти и други локалитети, во согласност со одредени целии задачи од наставните програми и подрачја за развивање и остварување на различните интереси на учениците.

Училишните екскурзии на учениците имаат за цел усвојување и проширување на знаења,развивање на различните интереси на учениците, примена на вештини и ставови прекунепосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Задачите на училишните екскурзии се:

- развивање позитивен однос кон националните, уметничките, научните и општокултурните вредности во Република Северна Македонија;
- запознавање на различните култури и знаменитости во други земји;
- истражување на интегрирани теми и области во природното, општествеото и техничко – технолошкото подрачја;
- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики;

- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- развивање чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- формирање на позитивен однос кон националните, интернационалните, културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства;
- остварување на потребите за спортски активности,рекреација и создавање на култура за здраво живеење

Во училиштето се организираат училишни екскурзии во функција на наставата:

-Стручно- истражувачки екскурзии опфаќаат активности за постигнувања на интегрирани цели од повеќе наставни програми што се од интерес на секторот, проектни активности.

-Спортско -рекреативни екскурзии: Два еднодневни излети за ученици од прва до четврта година со цел за поттикнување на социјализацијата и промовирање на здрав начин на живот.

-Завршна екскурзија во трета година или на почетокот на четврта година која опфаќа активности за запознавање на културни и естетски вредности во РСМ или друга држава.

- Екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми опфаќаат посета на театарска претстава, опера, балет, како и посета на музеи во РСМ

Реализацијата на екскурзиите се врши со претходно подготвени и одобрени програми согласно со Правилникот за екскурзии за средно образование и Календарот за организација за учебната 2025/26 во јавните средни училишта.

15. СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ

Со слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси, способности и вештини кај учениците.

Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети
- Културно-уметнички активности
- Спортски активности

ПРЕДМЕТИ	АКТИВНОСТИ	СОДРЖИНИ	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА
Предмети што се реализираат во наставниот процес во училиштето.	Запознавање со целта, задачите и активностите, формирање на групи (анкетирање на учениците) Избор на активности за реализација на слободните активности, поврзани со наставните содржини Следење на учениците Евидентирање.	Можат да бидат опфатени повеќе содржини во зависност од индивидуалните афинитети и интереси на учениците.	Тековно од 09 месец 2025 год. до 06 месец 2026 год.

16. УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Ученичките натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента.

Цел:

Да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот, но и со акцент за идната определба за продолжување на високо образование

Нашето училиште учествува во:

- Училишни натпревари;
- Општински натпревари;
- Регионални натпревари;
- Државни натпревари;
- Меѓународни ученички натпревари.

ПЛАН ЗА НАТПРЕВАРИ –УЧЕБНА 2025/26 ГОД

АКТИВНОСТ	ВРЕМЕ	РЕАЛИЗАТОР	РЕСУРСИ	ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ
Планирање за реализација на натпревари	септември	Стручни активи,предметни наставници и ученици	Канцеларија компјутер, печатач, хартија,стручни соработници	Успешно планирање на училшните натпревари

Консултации за активности за подготовка на учениците	октомври	Стручни активи,предметни наставници и ученици	Канцеларија компјутер, печатач, хартија,стручни соработници	Усвоени насоки за подготовка на уеченици-те
Непосредно информирање за одржување на натпреварите во училиштето	по добиени известувања за натпревари во соработка со акредитирани здруженија	Наставници и ученици	Огласна Табла, електронски преписки	Навремено Информирање
Подготовка за натпревари	во текот на учебната година	Наставници и ученици	Кабинети Игралишта Училници Компјутер	Успешна подготовка за натпревари
Спроведување на натпревари	во текот на учебната година	Организатори на натпревари наставници, ученици	Кабинети Игралишта Училници Реквизити	Учество и афирмација на учениците учесници
Евидентирање резултати од одржани натпревари	временска рамка на одржување натпревари тековната година	Организатори на натпревари наставници, ученици Стручна служба	Ранг листи Извештаи од спроведени натпревари	Освоени награди на учениците во натпреварите-сертификати, пофалници...
Анализа на резултати од одржани натпревари	јуни	Стручни активи	Извештај за наградени ученици	Успешна проценка на постигнувања
Истакнување и презентирање на резултатите од натпреварите	во текот на учебната година, во зависност од реализираните натпревари	Стручните Активи, Наставнички совет,	Известувања од одржаните натпревари	Промоција на училиштето

17. ОПШТЕСТВЕНО КОРИСНА И ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Целта на вклучувањето на учениците во општествено корисна и хуманитарна работа е кај нив да се развие љубов и позитивен однос кон работата, да се негува почит кон секоја индивидуа и да придонесе за правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот. За таа цел Училиштето ќе учествува во општествено корисни акции организирани од Локалната заедница, НВО, други училишта и акции организирани во самото училиште.

18. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

18.1. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Како приоритетни цели во ова подрачје од Годишната програма се поставени следните: подобрување на успехот на учениците и намалување на изостаноците. Сите стручни активи имаат изготвено конкретни програми со активности. Стручната служба и класните раководители континуирано го следат успехот и поведението на учениците, потребите на учениците и потребите на наставниците. Со континуираното оценување се води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења.

Класните раководители на крајот на секој класификационен период поднесуваат извештај за успехот, редовноста и поведението на секој ученик, целата паралелка и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети и редовност. По предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава.

Со помош на предметните наставниците и класните раководители се идентификуваат учениците со тешкотии во учењето и со нив стручната служба реализира советодавно-консултативни разговори, со цел надминување на тешкотиите во учењето и подобрување во постигнувањата кај учениците.

За учениците се организира и додатна настава за проширување и продлабочување на знаењата, како и подготовка за учество на натпревари и конкурси. Се идентификуваат и надарените и талентираните ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата. На учениците кои постигнуваат повисоки резултати училиштето им доделува пофалници, награди, признанија и дипломи.

Училиштето посветува особено внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците и тоа им го овозможува преку електронските медиуми на училиштето, како и преку соработка со други медиуми, културни установи институции, преку учество на литературни читања, конкурси, ликовни изложби и хепенинзи, спортски

натпревари, квизови, музички манифестации итн. Училиштето не само што ги промовира личните постигнувања на учениците, туку и постигнувањата на ниво на училиштето.

За сите ученици од училиштето, со посебен акцент на учениците од завршната година се организираат активности поврзани со професионална ориентација и се прават анализи.

Се води евиденција за редовноста и поведението на учениците и се преземаат заеднички мерки од страна на директорот, класните раководители, наставниците, стручната служба во училиштето и родителите.

Инклузивниот процес е развиен во нашето училиште и им излегува во пресрет и одговара на потребите на учениците.

Инклузивниот процес вклучува прилагодување на образовните содржини, приоди, организација и стратегии во образовниот процес. Со тоа сите ученици се вклучени и се прифатени во редовната настава и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во животот на училиштето.

Предметните наставници и Тимот за инклузија изготвуваат програми кои се во согласност со потребите, можностите и способностите на учениците.

18.2. КАРИЕРЕН СОВЕТНИК

Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во изборот за продолґување во високото образование или премин на пазарот на трудот се формира тим за кариерно советување, координира од кариерен совеник во соработка со стручни соработници и наставници од училиштето.

Кариерниот советник во училиштето организира обуки и работилници за кариерно советување, спроведува тестови за само проценка и развој на вештини, обезбедува информации за различни професии и образовни можности и помага на учениците да изработат лични кариерни планови.

18.3. ПРОГРАМИ ЗА ЗАШТИТА, СПРЕЧУВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА

Во училиштето се планира реализација на активности кои третираат чувствителни проблеми кои се актуелни кај младата популација.

Во училиштето ќе се делува превентивно и на подигнување на свеста кај учениците, ќе се реализираат повеќе активности како: едукативни предавања, презентации, работилници, дебати, трибини и сл. за зависности, асоцијално однесување, здравствена заштита, здраво живеење, заштита од насилство и превенција од пороци .... , унапредување на ментално здравје на учениците итн.

Оваа проблематика е опфатена и во наставните програми по одделни предмети, во Програмата за работа на класниот час (Образование за животни вештини).

18.3.1. ПРОГРАМА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ, ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Целта на оваа програма е помагање на наставниците и другите вработени за превенција и справување со насилството, злоупотреба и запуштање на ученици и применување мерки за негово спречување, развивање на конструктивно ненасилно однесување и негување емпатија, вештини за мирно решавање на споровите.

Табела на активности за:

Активности	Носители	Временска рамка	Ресурси	Индикатори
Запознавање со правилата на однесување во училиштето	директор класни раководители стручни соработници, наставници	09.месец Тековно во учебната година	Куќен ред, Кодекс за однесување Истакнати пишани правила на однесување	записници
Вклучување на сите учесници во воспитно-образовниот процес во превенција, заштита и намалување на насилство злоупотреба и запуштање на ученици	Сите вработени и ученици,	Тековно во учебната година	Политика за намалување на насилството во училиштето Протокол за постапување	записници реализирани работилници
Информирање на ученички совет и ученикот правобранител со Политиката и протоколот за ненасилно однесување и нивно вклучување во него	Тим за превенција од насилно однесување Тим од одговорни наставници за работата на ученичкиот совет	10.месец Тековно во учебната година	Политика за намалување на насилството во училиштето Протокол за постапување	

Информирање на родителите	Тим за превенција од насилно однесување, Родители, ученици	Тековно во учебната година	Истражување Политика за намалување на насилството во училиштето Протокол за постапување	Записници презентации
Вклученост на учениците со примена на повеќе форми за нивно активирање за намалување на насилството училиштето	Директор, Тим за превенција од насилно однесување, Класни раководители и ученици	Во тек на цела учебна година	Прирачници	Извештаи од реализирани работилници
Евалуација на реализацијата на поставените задачи	Тим за превенција од насилно однесување,	06.месец	Записници, извештаи ...	Извештај од реализирани активности

18.3.2. ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

Младите луѓе се особено ранливи на проблемите со менталното здравје, поради предизвиците и притисоците со кои се соочуваат во нивниот развој. Во нивниот раст и развој, денес се повеќе се зголемува потребата за рана интервенција и превземање мерки за спречување на проблемите, со вклучување на повеќе чинители.

ЦЕЛ: Грижата на училиштето за учениците:

- училиштето да остане безбедно место за сите ученици и за да се обезбеди советување и поддршка на учениците во сите услови;
- да се промовира превенција и ресторативен пристап во справување со прашања поврзани со насилство меѓу ученици, наместо казнени мерки и политики;
- воздржување од користење терминологија која поттикнува стигматизација (обезвреднување, етикетирање, омаловажување) кога станува збор за деца;
- спречување на сите форми на насилство и справување со предизвиците поврзани со менталното здравје користење на пристап кој се фокусира на

превенција, градење отпорност, промовирање добросостојба и обезбедување специјализирана поддршка тогаш кога е потребна;

- училиштето да овозможи безбедна и поттикнувачка средина за учење;
- децата да имаат пристап до услуги и поддршка за ментално здравје;
- посебни услуги да бидат достапни за сите деца на кои им е потребна специјализирана поддршка.

18.4. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Безбедноста и заштита на учениците училиштето ја остварува низ ефективни форми и активности во кои е вклучено училиштето.

За заштита на учениците и вработените при евентуална природна катастрофа или несреќен случај училиштето има изработено план за евакуација, има поставено ПП апарати на точно одредени места во училиштето, постојат шематски прикази за евакуација по катови и еднаш годишно се изведуваат симулациони вежби за евакуација од училиштето. Во сите ходници на училиштето поставени се панични светла.

За контрола на влезот и излезот во училишниот двор и во училишната зграда постои и видеонадзор. Со системот за видеонадзор покриен е најголем дел од површините во внатрешноста на училиштето и училишниот двор. Со тоа значително се подобрува грижата за учениците во смисла на безбедноста и сигурноста и носењето на препознатливи униформи.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.

Дежурните и одговорните наставници се грижат за одржување на дисциплината, редот и безбедноста на учениците за време на одморите. За зголемување на безбедноста во училиштето, на пријавницата се евидентираат сите надворешни лица.

Во согласност со Куќниот ред и Кодексот на однесување на учениците во училиштето постои забрана за пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанции.

Во училиштето постои Правилник (усвоен од Наставничкиот совет) со кој се заштитуваат личните податоци на учениците. Во согласност со Законот за заштита на личните податоци и правилникот за заштита на личните податоци, на учениците и вработените во училиштето, сите лични податоци на учениците се заштитени, односно училиштето прави максимални напори за да не дојде до евентуална злоупотреба на личните податоци на учениците.

Во училиштето постои обучен кадар (наставници) за давање на прва медицинска помош.

Училиштето има изготвено Кодекс за однесување на учениците во училиштето, истиот е усвоен од Наставничкиот совет и е во согласност со веќе постоечкиот Куќен ред.

Во училиштето ќе продолжат да се реализираат проектите „Препознавање, превенција и справување со насилство во училиштата" и „Унапредување на менталното здравје на учениците", со предвидените активности во Програмата за заштита од насилство, злоупотреба, и запуштање на ученици и Програмата за унапредување на менталното здравје на учениците- адолесценти

18.4.1 САМОЗАШТИТА ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во училиштето ќе се спроведуваат активности поврзани со Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучување за самозаштита во образовните институции.

ЦЕЛ

За оваа учебна година Интеграција на содржини за обучување за самозаштита на учениците ќе бидат опфатени содржините по предметите: македонски јазик и л-ра, физика, хемија, биологија, географија и спорт и спортски активности.

1.Форми на реализација:

- предавања,
- работилници,
- симулации,
- кабинетски и теренски вежби и
- натпревари

Интеграција на содржини за обучување за самозаштита на учениците - СЗУ

ПРЕДМЕТИ - ПО КОИ ЌЕ СЕ ИНТЕГРИРААТ СОДРЖИНИТЕ ЗА СЗУ (12 ЧАСА)					
ПРЕДМЕТИ	АКТИВНОСТ	ВРЕМЕ	РЕАЛИЗАТОР И СОРАБОТНИЦИ	РЕСУРСИ	ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ
Македонски јазик и л-ра	-Избор на реализатори од редот на наставниците (стручни активи по предмети) -Насоки за планирање (можат да бидат опфатени теми/подрачја по предметот каде што може да се испланираат активности -Планирање на активности -подготовка на активностите Евалуација од активностите -Извештај од реализирани активности во училиштето	Учебна/настав на 2025/26г	Стручни активи, предметни наставници по македонски јазик и литература ученици стручни соработници	Правилник, Канцеларија компјутер, печатач, хартија, стручни соработници	Успешно Реализирани активности
Географија	-Избор на реализатори од редот на наставниците (стручни активи по предмети) -Насоки за планирање (можат да бидат опфатени теми/подрачја по	Учебна 2025/26г	Стручни активи, предметни наставници по македонски јазик и литература ученици стручни соработници	Правилник, Канцеларија компјутер, печатач, хартија, стручни соработници	Успешно Реализирани активности

	предметот каде што може да испланирате активности -Планирање на активности -подготовка на активностите Евалуација од активностите -Извештај од реализирани активности во училиштето				
Физика	-Избор на реализатори од редот на наставниците (стручни активи по предмети) -Насоки за планирање (можат да бидат опфатени теми/подрачја по предметот каде што може да испланирате активности -Планирање на активности -подготовка на активностите Евалуација од активностите -Извештај од реализирани активности во училиштето	Учебна 2025/26г	Стручни активи, предметни наставници по македонски јазик и литература ученици стручни соработници	Правилник, Канцеларија компјутер, печатач, хартија, стручни соработници	Успешно Реализирани активности
Хемија	-Избор на реализатори од редот на наставниците (стручни активи по предмети) -Насоки за планирање	Учебна 2025/26г	Стручни активи, предметни наставници по македонски јазик и литература	Правилник, Канцеларија компјутер, печатач, хартија,	Успешно Реализирани активности

	(можат да бидат опфатени теми/подрачја по предметот каде што може да испланирате активности -Планирање на активности -подготовка на активностите Евалуација од активностите -Извештај од реализирани активности во училиштето		ученици стручни соработници	стручни соработници	
Биологија	-Избор на реализатори од редот на наставниците (стручни активи по предмети) -Насоки за планирање (можат да бидат опфатени теми/подрачја по предметот каде што може да испланирате активности -Планирање на активности -подготовка на активностите Евалуација од активностите -Извештај од реализирани активности во училиштето	Учебна 2025/26г	Стручни активи, предметни наставници по македонски јазик и литература ученици стручни соработници	Правилник, Канцеларија компјутер, печатач, хартија, стручни соработници	Успешно Реализирани активности
Спорт и спортски активности	-Избор на реализатори од редот на наставниците (стручни активи по предмети)	Учебна 2025/26г	Стручни активи, предметни наставници по македонски јазик и	Правилник, Канцеларија компјутер, печатач,	Успешно Реализирани активности

	-Насоки за планирање (можат да бидат опфатени теми/подрачја по предметот каде што може да испланирате активности -Планирање на активности -подготовка на активностите Евалуација од активностите -Извештај од реализирани активности во училиштето		литература ученици стручни соработници класни раководители	хартија, стручни соработници	

18.5. АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Анитикорупциска едукација е како редовна содржина во наставната програма на предметните наставници по социологија, бизнис и претприемништво, менаџмент, економија, етика, историја и др.

Програмата е прилагодена на возраста на учениците и се фокусира повеќе на подигнување на свеста кај учениците за корупцијата, зајакнување на нивните знаења за корупција, форми на корупција и антикорупција, како и зајкнување на нивните знаења за важноста на градење личен интегритет. За таа цел училиштето ќе врши и едукација на учениците за антикорупција низ различни форми: предавања, работилници, презентации, дебати на одделни класни часови и одредени часови од одделни наставни предмети.

Табела на активности за:

Р.бр	Активности	Време на реализација	Евиденција	Одговорен наставник/стручен соработник
1.	Предавања	Тековно во учебната година	Дневник на паралелката	Наставници по социологија, историја, етика, македонски јазик ...
2.	Работилници	Тековно во учебната година	Дневник на паралелката -ВНА	Наставници по социологија и стручни соработници
3.	Дебати	Тековно во учебната година	Дневна подготовка	Наставници по социологија, историја, етика, економија, бизнис и претприемништво, македонски јазик...
4.	Презентации	Тековно во учебната година	Дневна подготовка	Наставници и ученици од ученички парламент
5.	Работилници од ОЖВ	Според планирања за ОЖВ на класните раководители	Дневник на паралелката	Класни раководители

18.6. ПОЗИТИВНА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

Во училиштето се реализира наставниот процес кој покрај материјално-техничките условиги опфаќа и меѓучовечките односи на сите директни и индиректни учесници во реализацијата на овој процес. Посебно се работи наразвивање добра организациска структура која е одраз на тоа како во него се чувствуваат и однесуваат вработените, учениците и нивните родители. Од особена важност е водењето грижа за секој ученик и овозможување еднакви можности и поттик за индивидуален напредок.

Голем придонес за позитивна клима во училиштето има взаемно почитување меѓу сите структури. Наставниците постојано градат меѓусебна доверба и придонесуваат да делуваат поттикнувачки на учениците.

Училиштето има изготвено Кодекси за однесување на учениците и вработените во училиштето, истите се во согласност со веќе постоечкиот Куќен ред.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи и правила и се води грижа за недискриминација и за родова и етничка рамноправност. Позитивна клима во училиштето придонесува заедничко решавање и надминување на одредени проблеми на кои се наидува во училиштето.

18.6.1. ПРОГРАМА ЗА СПЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Програмата има за цел да воспостави систем на превенција , пепознавање и ефикасно справување со сите облици на дискриминација и неднакво постапување во училиштето.

Затоа училиштето се грижи за добросостојбата на учениците во училиштето со тоа што обезбедува средина во која сите учениците ќе имаат еднакви можности за учење и развој, но и со самата програма да се подигне свеста кај учениците, наставниците и родителите за негативните последици од дискриминацијата и да се намали ризикот од појава на дискриминација по еничка, полова, верска, јазична, социјална или било која основа.

Програмата за спречување на дискриминација ќе се реализира низ едукативни активности и предавања за учениците, наставниците ,родителите но и по потреба вклучување на стручни лица.

Со самата програма ќе се зголеми свеста за еднаквост и почитување на различностите, намалување на дискриминацијата со тоа што ќе се создаде позитивна и безбедна училишна клима во која сите ученици ќе имаат можност за еднаков развој и напредок.

Реден број	**Активности**	**Време на реализација**	**Соработници**	**Очекувани исходи**	**ИНДИКАТОРИ**
1	Формирање на тим за спречување на дискриминација	Август	Директор Наставници, Стручна служба	Формиран тим	Записници од наставнички совет
2	Запознавање на наставниот кадар и вработените со програмата за спречување на дискриминација во училиштето	Август	тим за спречување на дискриминација Директор Наставници, Стручна служба	Изработена програма за спречување на дискриминација	записник
3	Информирање на ученичкиот совет и ученикот правобранител со програмата за спречување на дискриминација и активностите	10 месец	тим за спречување на дискриминација Директор Наставници, ученици Ученички Совет ученик правобранител Стручна служба		записник

4	Едукативни работилници за учениците на тема толеранција, еднаковост,човекови права	Во текот на учебната година	тим за спречување на дискриминација Директор Наставници, ученици Ученички Совет ученик правобранител Стручна служба	Реализирана работилница од ученикот правобранител тимот за спречување на дискриминација стручната служба	Извештај од реализирани активности
5	Одбележување на меѓународниот денови : дена на толеранција 16 ноември Ден на човекови права 20 ти декември	Ноември - декември	тим за спречување на дискриминација Директор Наставници, ученици Ученички совет Стручна служба	Одбележани денови	Извештај од реализирани активности
6	Предавање на тема препознавање и справување со дискриминација за учениците за ученици	февруари	тим за спречување на дискриминација Директор Наставници, ученици Ученички совет Стручна служба	предавање	Евиденција во е-дневник
7	Анкета за родители и ученици – справување со дискриминација	Март	Стручна служба	Резултати од анкетата	Извештај од спроведената анкетата
8	Предавање за родителите	Април	Родтили Наставници, ученички совет Стручна служба	Унапредена соработка со родители	предавање
9	Евалуација на активностите	Јуни	тим за спречување на дискриминација Стручна служба	Успешна реализавија на активностите	Извештај

19. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Грижата за здравјето на учениците претставува перманентен процес во кој се вклучени сите субјекти, како: наставниците, учениците, стручните соработници, лекарите од Здравствен дом и родителите.

Во училиштето како институција ќе се води соодветна грижа за заштита и превенција по здравјето и културата на живеење што како постојан приоритет е насочен кон:

- Унапредување на здравјето во физичка смисла преку систематските преглед, лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, хумани односи меѓу половите, превентива од болести на зависност, физички вежби и рекреација, безбедност и прва помош;
- Унапредување на менталното здравје - развој на самодоверба, самопочитување, комуникација, разбирање на другите и нивно прифаќање.
- Социјално здравје - грижа за локалната средина, комуникација; ученик – родител – средина.

Цели:

Да се зголеми знаењето на учениците за природата и опасноста од заразните болести, но и да се влијае врз свеста за секојдневни хигиенски навики како стил на здраво живеење, бидејќи здравјето на младата популација е од голема важност.

Со цел подигнување на свеста и информирање и проширување на знаењата кај учениците за значењето на нивното здравје планирани се следните активности: стручни предавања и работилници, дебати, презентации, соработка со јавни здравствени инситуции (систематски прегледи, вакцини...), тековно обезбедување на исправни хигиенско-технички услови, грижа за училишната околина од загадување, промовирање на превентивни мерки за заштита и превенција од заразни болести и сл.

19.1 ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД УПОТРЕБА НА АЛХОХОЛ, ПУШЕЊЕ, УЧЕСТВО ВО ИГРИ НА СРЕЌА, ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА И ДРУГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Превенцијата игра важна улога во борбата против пороците на 21 век.

Превенцијата всушност опфаќа збир на активности и мерки

Насочени кон намалување на здравствените, социјалните и економските последици од употребата на дроги,алкохол,цигари...на индивидуално, локално и општествено ниво.

Целта е преку едукативни и советодавни активности да се укажи на опасностите од болестите на зависност и да се намали употребата на дрогата, цигарите ,алокохол..., за да се обезбеди заштита на здравјето на консуматорите и на тој начин

се намалува опасноста од пренесување на сексуално и крвно преносливи болести.

Колку е поголема информираноста и превенцијата, толку е помала веројатноста да дојде до штетните последици кои ги носи консумирањето на пороците на 21 век.

Оваа програма ќе се реализира преку различни форми на работа: едукативни работилници, предавања, делење на брошури.

План на активности:

Р. Бр.	Цел	Активности	Време на реализација	Соработници	Очекувани исходи	Индикатори
1	Да се испитаат ставовите на учениците поврзани со цигарите, алкохолот…	Анкета на актуелна тема поврзана со пушење цигари, конзумирање алкохол…..	септември	Директор Наставници, ученици Членови на Еко клуб Стручна служба	Спроведено истражување	Извештај од спроведената анкета
2	Да се подигне свеста кај младата популација за опасностите од цигарире и алкохолот	Предавање за опасноста од употребата на цигари и болестите кои ги предизвикуваат тие	октомври	Директор Наставници, ученици Членови на Еко клуб Стручна служба	Подигнта свест кај учениците за опасностите од цигарите и последиците	Предавање и евиденција е дневник
3	Да се изработи брошура која ќе придонесе за превенција и заштита од употребата на дрога и алкохол	Изработка на информативна брошура за за превенција од дрога и алкохол	Ноември -	Директор Наставници, ученици Ученички совет Стручна служба	Подигнта свест кај учениците	Брошура
4	Да се подигне свеста кај младата популација	Промовирање на брошурата во училиштето	декември	Директор Наставници, ученици Членови на Еко клуб Стручна служба	Подигнта свест кај учениците	Записник
5	Да се подигне свеста кај младата популација	Предавање за штетноста од консумирањто на дроги,алкохол,цигари-кај младата популација- за штетно дејство и кои се местата за лекување во нашата земја	Јануари-февруари	Директор Наставници, ученици Членови на Еко клуб Стручна служба	Подигнта свест кај учениците	Предавање и евиденција е дневник
6	Да се испитаат ставовите на	Анкета - игри на среќа	Март	Директор Наставници, ученички	Анализа	Извештај од спроведената анкета

	учениците поврзани со игрите на среќа			совет Стручна служба		
7	Да се подигне свеста кај младата популација	Предавање за влијанието на игрите на среќа -позитивно-негативно кај младите	Април	Директор Наставници, ученички совет Стручна служба	Подигнта свест кај учениците	Предавање и евиденција е дневник
8	Да се подигне свеста кај младата популација	Едукативна работилница за заштита од деликвенција кај адолесцентите	Мај-	Ученици прва и трета година ,ученички парламент		Извештај
9	Да се согледаат ефектите од активностите	Евалуација на активностите	Јуни	Директор Наставници, ученички совет Стручна служба		Извештај

20. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во нашето училиште секојдневно се создаваат услови за позитивна клима, во кои се реализира воспитно-образовниот процес, кој покрај материјално-техничките условиги опфаќа и меѓучовечките односи на сите директни и индиректни учесници во реализацијата на овој процес. Во училиштето се работи на развивање добра организациска структура како амбиент кој е одраз на тоа како во него се чувствуваат и однесуваат вработените, учениците и нивните родители. Од посебна важност е нагласеното верување дека секое дете може да биде добар ученик и развивањето на таква организациона клима за сите субјекти во училиштето - учениците, родителите и вработените.

Голем придонес за позитивна клима во училиштето има заедничкото решавање и надминување на одредени проблеми на кои се наидува во училиштето.

21. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Воспитно-образовната дејност што се одвива во училиштето ја наметнува потребата за унапредување на професионалниот развој кај наставниците и стручните соработнци.

Наставниците перманентно се усовршуваат, а со тоа придонесуваат за поквалитетно изведување на наставата и врз подигнување на успехот кај учениците. Училиштето како институција води грижа и создава услови за професионален развој кај наставниците. Секој наставник и стручен соработник подготвува личен план за професионален развој.

Во согласност со предложените обуки според Програмата за стручно усовршување на наставниците и стручните соработници за 2025г

- за наставници од подрачјето

1. Поучување и учење

и од потподрачјето Реализација на наставата на тема:

1.1 Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици

За стручните соработници

подрачје: Работа со ученици

потподрачје:

Професионална и кариерна ориентација на учениците на тема:

Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците.

22. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

За успешна реализација на воспитно-образовниот процес во училиштето неопходна е континуирана соработка со семејството. Училиштето води грижа за унапредување на соработката со родителите. Во еден взаемен процес родителите и училиштето се грижат за надминување и разрешување на слабостите и проблемите од воспитно образовен карактер на кои се наидува во текот на воспитно-образовниот процес, односно да ги знаат целта и задачите на воспитанието и образованието, активно да учествуваат во планирањето на работата во училиштето, конкретно да се запознаваат со условите на работа, со се она што секојдневно се случува во училиштето, да ги согледуваат проблемите со кои се соочуваат органите на управувањето и да се запознаат со содржинската и организационата страна на воспитно-образовната работа.

Училиштето ги вклучува родителите низ повеќе форми на соработка (со физичко присуство и од далечина).

- Редовни родителски средби
- Индивидуални средби
- Проекти на ниво на училиште
- Работилници за и со родителите
- други форми на соработка.

23. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Цел:

Промоција на активностите и успеси кои ги постигнуваат учениците и наставниците

Активности:

- Презентација и промоција на постигнувањата на учениците во општинските, регионалните, државните натпревари и меѓународни натпревари.
- Организација и реализација на музички фестивал „Гимфест".
- Организирање и презентирање на гимназијата во основите општински училишта во Прилеп и околината.
- Организирање на настани по повод Патрониот празник на училиштето.
- Организирање на литературни, музички и ликовни манифестации, настани и конкурси.
- Организирање на свеченост по повод доделување на дипломите на матурантите.
- Истакнување на активностите и успесите на гимназијата на училишната веб-страница https://www.gimprilep.edu.mk/
- Промоција на активностите и успесите преку печатените и електронските медиуми.

24. ЗАДОЛЖЕНИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИТЕ

Во учебната 2025/26 година ќе бидат задолжени наставници за подготовка на предавања и реферати по повод одбележување на празниците. Со посебна програма ќе се одбележи Денот на училиштето – 4 Јануари.

- „8 Септември" -Ден на независноста – Мартин Наумоски
- „5 Октомври" – Светски ден на учителот - Христина Кочоска
- „11 Октомври"- Ден на народното востание – Филип Ристески
- „23 Октомври" Ден на македонската револуционерна борба - Николче Богданоски
- „16 Ноември" Ден на толеранција - Снежана Тодорческа
- „8 Декември" -Св. Климент Охридски – Дарко Ристески
- „20 Декември" - Ден на човекови права –Стручна Служба
- „4 Јануари- Ден на училиштето" – Директор, професорите по македонски јазик, странски јазици, музичка и ликовна уметност, историја и стручна служба на училиштето
- „Еден поинаков ден" - Ружа Ангелеска
- „21 Февруари"- Ден на мајчиниот јазик-Емона Јованоска
- „8 Март" -Ден на жената – Снежана Спиркоска
- „23 март" –Ден на екологијата – Софија Крстеска
- „22 април" –Ден на планетата Земја – Александра Ристевска
- „1 Мај"– Ден на трудот - Емона Јованоска
- „4 Мај" – Гоце Делчев – Кире Николоски
- „5 Мај" – Ден на македонскиот јазик – Актив по македонски јазик
- „24 Мај- СВ. Кирил и Методиј"- Филип Ристески

Прилог на додатни програми на училиштето:

- Програма за работа на директорот
- Програма за работа на педагогот
- Програма за работа на социологот
- Програма за работа на библиотекарот
- Програми за работа на Стручните активи
- Програма за работа на Наставничкиот совет
- Програма за работа на Совет на годините
- Програма за грижа на здравјето на учениците
- Програма за препознавање, превенција и справување од насилно однесување, злоупотреба и запуштање на ученици
- Програма за спречување дискриминација
- Програма за превенција од употреба на алхохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреби на дрога и други психотропни супстанции и малолетничка деликвенција
- Програма за антикорупција
- Програма за професионален развој во училиштето
- Програма за професионална ориентација кај учениците
- Програма на кариерни советници
- Програма за инклузија
- Програма за Еко активности
- Програма за унапредување на ментално здравје кај учениците
- Програма за ученички совет
- Програма за работа на ученик правобранител

ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА:

1. Весна Михаиловска
2. Светлана Барлакоска
3. Анкица Стеваноска Јанческа
4. Евда Спиркоска
5. Антонија Гическа Петкоска
6. Софија Крстеска
7. Татјана Ивановска
8. Елена Келтаноска Лашкоска
9. Дарко Ристески
10. Николче Богданоски

Датум:
29.08.2025 г.

Директор
Весна Михаиловска

Претседател на Училишен одбор
Николче Богданоски